**ИНФОРМАТИКА**

(13 – 17.04.2020)

Повеќето ученици успешно креиравте своја електронска адреса, а од неа (или дел од вас од адресите што веќе сте ги имале, што е сосема во ред) ми пративте електронска порака. Оние ученици кои сеуште не креирале своја електронска адреса или не го пратиле домашните задачи од претходните часови, навратете се на упатствата од минатите недели и завршете ги вашите задачи. Сите заедно продолжуваме понатаму.

## ВЕБ СТРАНИЦА И ВЕБ САЈТ

**Веб страница** е документ поставен за разгледување на Интернет. Ваквите документи имаат наставка .htm или .html. Веб страниците имаат содржина која е комбинација од текстови, слики, звуци и видео. Сервисот за поставување и разгледување на веб страници е WWW (World Wide Web).

**Веб сајт** е колекција од повеќе веб страници поставени на Интернет. Веб страниците од веб сајтот се организирани во стебло од фолдери и подфолдери.

Секој **веб сајт** има своја **Почетна страна (Home Page)**. Оваа страница му кажува на корисникот што може да најде на тој веб сајт.

**АДРЕСА**

Секоја страница од веб сајтот за да биде отворена мора да има своја **единствена адреса** наречена **URL адреса** (Uniform Resource Locator). Url адресата се состои од повеќе делови. Да ја разгледаме адресата http://www.schools.edu.mk

- ✓ http:// - име на протоколот (правилото) за пренос на податоци;
- ✓ www – локација на Интернет;
- ✓ schools – веб-серверот на организацијата schools;
- ✓ edu – наставка за вид на сајтот (домен), во нашиот случај за образование;
- ✓ mk – код за државата.

Вообичаени наставни за вид на сајтот (**домени**) се:

- ✓ com – комерцијални организации
- ✓ org – организации
- ✓ gov – владини институции
- ✓ edu – образовни институции
- ✓ mil – воени институции
- ✓ net – мрежни компании.

Некои кодови за држави: fr – Франција, uk - Велика Британија, us – САД, si – Словенија, it – Италија, bg – Бугарија, hr - Хрватска...

**ЛИНКОВИ**

За движење од една на друга страница од еден веб сајт или кон други веб страници од други веб сајтови, се користат означени места кои се викаат **линкови**. Линковите можат да бидат **текстуални** или **графички**.

Текстуалните линкови можат да бидат подвлечени зборови, зборови во различна боја (најчесто сина) и сл.

Графичките линкови можат да бидат слики, копчиња и сл.

Линковите се препознаваат по тоа што обликот на стрелка од глувчето, се менува во рака со подигнат прст  .

Движењето меѓу страниците на некој сајт се нарекува **навигација**.

**Публикување и хостирање**

Откако ќе се направи некој сајт, за да може да биде достапен за сите корисници на Интернет, тој треба да се **постави**, односно да се **публикува** на некој од серверите на Интернет. Поставувањето сајт на серверот се нарекува **хостирање**.

**ВЕБ ПРЕЛИСТУВАЧ**

Програмата за отварање, разгледување и движење низ различни веб страници од веб сајтовите се вика **веб прелистувачи** (**Web browser**). Движењето низ страниците на Интернет популарно се вика „сурфање". Веб страниците се отвараат во веб прелистувачите со впишување на нејзината адреса во специјалното поле за адреси.

Најпопуларни веб прелистувачи се: Google Chrome, Mozilla Firefox, Opera...

**На стр. 120 и 121 разгледај ги елементите на веб прелистувачите. Во Word документ објасни кој веб прелистувач го користиш ти, и кои од елементите веќе си ги користел.** Пораката ја очекувам најкасно до 18.04.2020 година на адресата **milkomh@gmail.com.** Упатство за праќање на документ во порака можете да најдете во документот за креирање на електронска адреса, последните неколку упатства.

ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА РАБОТА!!!